Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) денес (30 март 2017 година го презентираше Извештајот „ **Следење на работата на Државната комисија за спречување на корупцијата** “.




Извештајот ги следи остварувањата на ДКСК во три области: нејзините перформанси, транспарентност и отчетност. Податоците се добиени од интернет, од ДКСК и преку анкета со граѓански организации. Периодот на следење е 2006 – 2015 година, односно 2016 година кај индикаторите за транспарентност.



Наодите покажуваат дека **едукацијата на институциите е клучното постигнување** на ДКСК. Таа е **активна и во следењето на судирот на интереси**. Од 2007 до 2015 година **отворени се 1.056 предмети** за судир на интереси, решени се 941, а за 356 е констатирано дека има такво прекршување.

**Постои потфрлање во надзорните и контролните надлежности.** ДКСК досега не подготвила посебен извештај за можните злоупотреби на буџетските средства и средства од јавните фондови за изборна кампања или воопшто за финансирање изборна и друга политичка активност, бидејќи не утврдила дека имало такви злоупотреби во изборите спроведени од 2006 до 2015 г. **Следењето на имотната состојба** на избрани и именувани лица

**опаѓа**
, од 126 проверени лица во 2011 на 43 во 2015 година.
**Опаѓа и бројот на барања за поведување прекршочни постапки**
поради недоставување анкетен лист, од 58 во 2008 на 7 во 2015 г. Исто така
**се намалува и бројот на барања за кривично гонење**
на избрани или именувани лица, од 27 во 2008 на 2 во 2015 година. Овие иниција-тиви вклучувале постапки против 96 лица и 74 постапки против група лица.



**Регистарот на именувани и избрани лица** е воспоставен во јуни 2016 година и е една од најекспонираните алатки на ДКСК. За жал
**не е ажурен**
бидејќи институциите не ги доставуваат навремено податоците. Меѓутоа ДКСК не покренала постапки пред надлежните судови за изрекување глоба на институциите.
**И граѓаните помалку пријавуваат корупција.**
Десет пати е помал бројот на пријави во 2015 година споредено со 2007 г., односно, 127 пријави во 2015 г. наспроти 1.114 осум години претходно.

**Соработката со граѓанските организации е недоволна, а нивната експертиза не е искористена.** За 72% организации потписници на Меморандумот за взаемна поддршка за спречување на корупцијата и судирот на интереси, соработката со ДКСК ја немало или била недоволна. **ДКСК редовно ги објавува годишните планови и извештаи од својата работа, но не ја информира доволно јавноста за активностите поврзани со креирањето политики** .

Подготовката на извештајот е дел од проектот „Следење на работата на Државната комисија за спречување на корупцијата“ што го спроведува МЦМС, а финансиски е поддржан од Британската амбасада во Македонија.